лабораторија avicena

ПЗУ АВИЦЕНА ЛАБОРАТОРИЈА
СПЕЦИЈАЛИСТИЧКА ДИЈАГНОСТИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА
Бул. 8 Септември бр.2, Лок.1, 1000 Скопје, Р. Македонија
тел: 02/3179 001, 075 211 406; факс: 02/3177 130
e-mail: lab@avicenalab.com.mk; www.avicenalab.com.mk

## PSA 3rd Generation (Простата специфичен антиген, трета генерација)

| | |
|---|---|
| **За тестот:** | Тест за одредување на серумското ниво на ПСА 3та генерација, биомаркер за откривање и планирање на третманот на карцином на простата. |
| **Примерок:** | Венска или капиларна крв. |
| **Подготовка пред земање на примерок:** | За повеќето лабораториски испитувања на крвта неопходна е припрема која подразбира земање на примерок ( на празен стомак ) наутро, 12 часа од последниот оброк. Ова е неопходно затоа што консумацијата на храна во периодот пред земањето на крвта доведува до пораст на концентрацијата на глукоза, холестерол, липиди, протеини, железо и други метаболити.<br><br>За да се добијат веродостојни резултати, во договор со лекарот, вадењето на крвта треба да се врши после прекин со терапијата и wash out периодот ( времето неопходно целиот лек да се исфрли од организмот и реално се одредат нови базални вредности ) – ова особено се однесува на терапија со железо, витамински препарати, хормонска терапија и др. |
| **Забелешка:** | ПСА во секретот на простатата се наоѓа во покачени количини, додека во крвта нормално е присутен само во трагови. Кај бенигните или малигните заболувања на простатата растат и вредностите на ПСА во крвта. ПСА е специфичен за органот, но не и за туморот, сепак колку се поголеми неговите вредности толку е поголема веројатноста од постоење на карцином. Реагира осетливо на обновена активност на болеста и повторното зголемување на вредностите во даден момент укажува на рецидив кој се уште не може да се утврди со други прегледи.<br><br>Тестот за ПСА 3та генерација, поради својата исклучително висока сензитивност, открива нивоа на ПСА кај пациенти со пост радикална простатектомија. |

Бул. 8 Септември бр.2, Лок.1, 1000 Скопје, Р. Македонија
тел: 02/3179 001, 075 211 406; факс: 02/3177 130
e-mail: lab@avicenalab.com.mk; www.avicenalab.com.mk

* неакредитирани